UDK: 327.36:355.48(4)

# THE CHALLENGES FOR THE ‘PAX EUROPAEA’ CONCEPT IN CONDITIONS OF SECURITY ESCALATION

**Gjorgi SPASEVSKI**
Phd Candidate, Faculty of Law „Iustinianus Primus “, ss. Cyril and Methodius University in Skopje
е-маил: gjorgji.spasevski@outlook.com

**Abstract**

Very often we encounter the theories “On War” by Clausewitz, or “The Art of War” by Sun Tzu, titles that speak great volumes about the impact of war as a tool in international relations and history as well. Human developmet is continuously accompanied by series of wars, destruction and repression. Conflicts continue to be present even in areas where it was unthinkable for them to happen again, an example of which is the latest war in Ukraine. The UN as an international wolrd organization, with it’s extremely limited human and material resources is unable to achieve global peace and stability. In terms of the international order it looks like it is continuously subject to pressur and change. Simply put, these tendencies result in the global risk society that is truly a reality. A large number of states, which, by the way are stil primary sbujects of international relations are increasingly delegating part of their sovereignty to supranational actors such as the EU. Drastic changers are being observed int the concepts of soft and hard power i.e how states use these instruments to achieve their goals. Studying and monitoring peace tendencies is of a crucial importance for timely detection and prevention. They have a serious potential to sifnificantly influence the processes that would potentially mark the end of Pax Europaea, or, alternatively redefine the very meaning of the concept.

***Keywords:*** *Pax Europaea, security, relative peace, escalation, geopolitics*

# КОНФЛИКТИТЕ И ГЛОБАЛНИТЕ МИРОВНИ ТЕНДЕНЦИИ КАКО ПРЕДИЗВИК ЗА КОНЦЕПТОТ НА PAX EUROPAEA

**Ѓорги СПАСЕВСКИ**
Докторанд, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
е-маил: gjorgji.spasevski@outlook.com

**Апстракт**

Многу често се сретнуваме со теориите „За војната“ од Клаузевиц, или, пак, „Умешноста на војувањето“ од Сун Цу, наслови кои доволно говорат за импактот на војната како средство во меѓународните односи и историјата. Човековиот развој е континуирано пропратен со низа на војни, уништување и репресија. Конфликтите и понатаму се присутни дури и во подрачја каде било незамисливо да се случат повторно, пример за тоа е војната во Украина. ООН како меѓународна светска организација, со своите крајно лимитирани човечки и материјални ресурси не е во можност да ги постигне посакуваните цели. Често пати парализирана и поделена. Меѓународниот поредок е жива материја, тој континуирано подлежи на притисоци и промени, се повеќе клучна улога имаат и недржавните актери. Едноставно, овие тенденции резултираат со глобалното ризично општество кое е навистина реалност. Голем број држави, кои патем, сеуште се примарни субјекти на меѓународните односи се повеќе делегираат дел од својот суверенитет на супранационални актери како што е примерот со ЕУ. Се забележуваат драстични промени во концептите на мека и тврда моќ, односно како државите ги употребуваат тие инструменти за постигнување на своите цели. Изучувањето и следењето на мировните

тенденции е од круцијална важност за навремена детекција и превенција. Тие имаат сериозен потенцијал значително да влијаат врз процесите кои би го означиле потенцијално крајот на Pax Europaea, или, пак, би го редефинирале самото значење на концептот.

***Клучни зборови:*** *Pax Europaea, безбедност, мировни тенденции, меѓународен поредок, промени.*

**Вовед**

Веднаш ќе напоменам дека, кога станува збор за мировните студии, тие претставуваат и истражуваат една сериозна тематика, која што е симбиоза на бројни сфери на научно истражување и опфаќа широк спектар на дисциплини кои се вклучени во нејзиното изучување. За комплексноста на мировните студии, говори и фактот дека тие се денес можеби и потребни повеќе од било кога. Без еден сериозен и холистички пристап, не е можно да се дојде до суштината на постоењето на меѓународните мировни студии. Сепак, незамисливо е живеење во еден свет, каде што хаосот и војната би доминирале. За развој и благосостојба ни е потребен глобален мир и безбедност, се друго носи деструкција и уништување. Со цел да се обезбеди темелно истражување за актуелните глобални мировни тенденции, потребно е базично да се дефинира во поширока смисла мирот како научна дисциплина, што тоа тој претставува, за кого е, како се постигнува, со кои средства, кои механизми се најуспешни, како и колку е потребно да се вложува во човечки, но и материјални ресурси за да се постигне посакуваната цел. Човековиот развој е континуирано пропратен со низа на војни, уништување и репресија. Конфликтите и понатаму се присутни, можеби значително се редуцирани меѓу државните конфликти, но за сметка на тоа, внатрешните преку свои бројни форми се манифестираат се повеќе. Глобализациските процеси придонесуваат за рапиден пораст на технологијата во скоро секоја сфера на живеење, пример се информатичките технологии, вештачката интелигенција, софистицираните вооружени системи, транспортна технологија и слично. Но, покрај бенефитите од глобализацијата, таа како феномен паралелно се одвива со своите спротивни процеси на фрагментација и регионализација, одредени региони ги уживаат бенефитите повеќе од други, глобална благосостојба и еднаква дистрибуција на ресурси не е постигната. Светот сеуште се дели на развиен север и сиромашен југ, глобализацијата исто така придонесе за мултиплицирање на заканите и ризиците, нивната етиологија е навистина комплексна. Во однос на модерните закани и ризици, тие навистина тешко се предвидуваат и бараат темелна анализа и проучување. Асиметричните закани се сериозен предизвик за глобалниот мир и безбедност. Класичната дихотомија на поделба на мирот на класичен позитивен и негативен мир се менува, повеќе се зборува за мултидисциплинарен мир. ООН, како меѓународна светска организација, со своите крајно лимитирани човечки и материјални ресурси, не е во можност да ги постигне посакуваните цели. Меѓународниот поредок е жива материја, таа континуирано подлежи на притисоци и промени, се повеќе клучна улога имаат и не државните актери, како глобалните корпорации, невладини здруженија, граѓански сектор и слично. Едноставно, овие тенденции резултираат со глобалното ризично општество кое е навистина реалност. Голем број држави, кои патем, сеуште се примарни субјекти на меѓународните односи, се повеќе делегираат дел од својот суверенитет на супранационални актери како што е примерот со ЕУ. Процесите на интеграција овозможуваат на сите актери поголем степен на кооперација и дијалог, мирно решавање на конфликтите, поголем раст и развој. Без експертиза од страна стручните лица од полето на мирот и безбедноста, едноставно не би било возможно да се оствари идеалот за глобален мир и безбедност. Едукацијата е есенцијален елемент во справувањето со бројните закани и ризици, мирот е единствена опција за обезбедување на благосостојба и развој за сите нас. Оттука, можам

да констатирам дека, мировните студии, нивното изучување и имплементација е навистина потребно, можеби и повеќе од било кога.

## 1. Поимно дефинирање на мирот и безбедноста

Мирот е спротивност на војната, студентите по меѓународни односи, мировни студии најчесто го дефинираат мирот во својата наједноставна перцепција, како отсуство на војна. Традиционално, мирот и војната се третираат како меѓусебно исклучувачки концепти. Едниот концепт имплицира насилство, додека другиот отсуство на насилство. Прекинувањето на едниот процес е почеток на другиот спротивен процес. (Мартин. Ф, (2005 стр.45-59)

Како научно поле, мировните студии вклучуваат работа од повеќе дисциплини, вклучувајќи ја и комуникација. Научниците кои работат во психологијата, социологијата, политичките науки, здравството, правото и законите, сите можат да придонесат за истражување на мировните студии. Поради поширокиот спектар на дисциплини што придонесуваат, научните граници на мировните студии не се строго дефинирани. Покрај тоа, терминот мир не е лесно дефиниран. За многу луѓе, мирот едноставно го опишува отсуството на насилство/конфликт, сфатено преку една едноставна форма на перципирање. Меѓутоа, конфликтот не е својствено негативен, тој може да резултира во продуктивни и заемно корисни резултати. (Кол. А, 2017 стр.1204-1206) Главни проблеми се појавуваат кога конфликтот е деструктивен, ниту една страна не е задоволна од исходот и конфликтот продолжува или ескалира. Затоа, истражувачите за мировни студии сметаат дека конфликтот не е својствено добар или лош и наместо тоа, за цел имаат да го спречат и разрешат деструктивниот конфликт (Кол. А, 2017 стр.1204-1206) Најчесто, одредени автори сметаат дека не е интелектуален предизвик да се детектира конфликтното однесување, кое се однесува на директното насилство, односно лишување на некое добро или, пак, животот на другата страна. Но, кога станува збор за конфликтните ставови, тогаш дебатата може да се прошири значително, ставовите, т.е перцепциите и предрасудите, како и нивното детектирање се сериозен предизвик за истражувачите на мирот. Се поставува прашањето што претставуваат мирот и безбедноста и какво влијание имаат конфликтите? Мирот и безбедноста претставуваат два амбициозни концепти коишто, особено по завршувањето на Студената војна, предизвикуваат сериозни научни и политички расправии. Контрадикциите кои произлегле од овие расправии, претставуваат продолжение на една традиционална дебата меѓу претставниците на реалистичката и идеалистичката парадигма. Додека во рамките на науката за меѓународни односи (и реалистично толкување) мирот вообичаено се поставува како консеквенца на безбедноста, во рамките на мировните студии (и идеалистичко толкување) концептот за мир се протега над елементите на традиционалното (негативно) сфаќање на безбедноста. Поконкретно, мирот се толкува како предуслов за безбедноста а не како нејзина последица. Концептот за мир ја апсорбира безбедноста и се одредува со вклучување на пошироките општествени вредности. (Лидија. Г, Скопје 2014 стр.113)

Без оглед на теоретската перспектива, во безбедносните анализи како клучни се поставуваат неколку прашања, кои понатаму суштински го детерминираат не само дискурсот, туку и солуциите за поставените проблеми: Безбедност за кого/што? ; Безбедност со какви средства? ; Безбедност по која цена? Според таткото на мировните студии, Јохан Галтунг, кој смета дека секој вистински истражувач на мирот и конфликтите себе се идентификува на едно посебно поле кое се именува низ парадигмата за светските проблеми во светска перспектива, предмет на истражување е глобалниот општествен систем, а истражувачки фокус е опстанокот на човештвото. (Биљана. В, 2011 стр.27) Јохан Галтунг е најдобро познато по неговата основачка улога во дисциплината на мировните истражувања – академски студии за светски механизми за редукција на насилството. Едни од почетните дефиниции за мирот според Галтунг започнуваат со дистинкција на два вида на насилство, односно структурно и директно насилство. ***Структурното*** е длабоко вградено во општеството, може да е институционализирано од самата држава, вклучувајќи голема сиромаштија и репресија. ***Директното*** од друга страна, е повеќе познато каде што нереди и насилство се случуваат помеѓу две индивидуи или, пак, групи – како во војните, борбите и револтите. Мирот е дефиниран како отсуство на насилство, специфично како отсуство на класично насилство и отсуство на сиромаштија, репресија, гладување, немање

на основни услови за задоволување на базичните човекови потреби. Оттука, веднаш може да се евидентира дека, концептот за мир во себе инкорпорира мноштво на општествени фактори. (Јохан. Г, 1993 стр.193-209) Многу често во литературата за мировни студии и истражувања се сретнуваат два термина, а тоа се, позитивен и негативен мир. Нивното значење е следното. ***Негативниот мир*** *е она што најголем број од неспецијалисти го подразбираат под мир, а тоа е отсуство на „директно насилство“ или отсуство на војна. „*Позитивниот мир*“ е отсуство на друг вид на насилство, односно станува збор за структурното насилство.* Терминот структурно е употребен затоа што насилството и неправдата можат да произлезат од структурни нееднаквости во општеството, како и од различните облици на нееднаквост меѓу луѓето (нееднаква дистрибуција на ресурси, дискриминација по разни основи, репресија и нарушување на човековите права и слободи, така и од намерен акт на употреба на сила или насилство. (Лидија. Г, 2014 стр.111) Кенет Боулдинг прави јасна дистинкција помеѓу овие два аспекта (позитивен и негативен мир) Според него, *позитивниот мир* претставува состојба на добро управување, мирно разрешување на конфликти, хармонија асоцирана со матурирани односи и разбирање. Од друга страна, *негативниот мир* го карактеризира како: „отсуство на нешто“ – отсуство на раздор, тензија, конфликт и војна. (Мартин. Ф, 2005 стр.45-59) Кога се говори за структурно насилство, тоа бара анализа на еден широк спектар на закани и ризици, како и одредување на нивната етиологија, односно потекло. Процесите на глобализација придонесоа за се’ поголемо интегрирање во скоро секоја општествена сфера на живеење, но тие исто така придонесоа и за мултиплицирање на заканите и ризиците, од кои дури и развиените држави не се имуни. На безбедноста повеќе не може да се гледа само како на заштита од директни воени дејствија, таа претставува многу повеќе од тоа, црно белиот концепт повеќе не е возможен. Бројот на референтни објекти на безбедноста е значително проширен и постојано еволуира. Во контекст на структурното насилство, бројни фактори влијаат на тоа како од индивидуално, национално, па и регионално и глобално ниво, ќе се одреди што треба да се заштити, од кого и на кој начин. За жал, често пати, насилството може да биде и генерирано, односно продуцирано од страна на тие коишто треба да не заштитат, тоа е државата како примарен субјект, но тука се и други недржавни актери кои исто така имаат се поголема улога. Ќе се послужам со еден цитат од страна на Ганди кој вели: „Сиромаштијата е најлоша форма на структурно насилство“. Кога ќе се додаде и репресијата и другите облици на насилство, тогаш навистина можеме да констатираме дека изучувањето на мирот и безбедноста е од есенцијална важност. Експанзијата на Галтунговата рамка може да се евидентира во делото на Славој Жижек (Насилство, 2008). Жижек пишува дека субјективното насилство е прикажано во (дела на криминал, терор, граѓански немири, меѓународен конфликт), односно највидливото насилство и дека објективното насилство е својствено на оваа „нормална“ состојба на нештата. Во оваа смисла, иако тој не го поставува експлицитно во типологијата, државата мора да биде соучесник во двата облици на насилство. Според него нееднаквоста, сиромаштијата, асиметријата на спроведената правда и различните искуства на поединците во однос на расата или класата, меѓу другите, се продукт на ендемично одржуваниот систем во кој државата мора да се смета за централен актер. (Лоадентал. М, 2017 стр.1634-36)

### 1.1. Мировните перцепции и безбедноста

Мирот не е отсуство на конфликт, туку е тековен однос, или пристап којшто е ориентиран кон ненасилството. Од друга страна конфликтот е неизбежен, но се поставува прашањето дали тој може да се избегне? Одговорот е дека насилството може да се избегне, луѓето можат да научат нови начини за решавање на конфликтите што не се деструктивни за себе или за другите. Мирот меѓу себе и другиот бара взаемно разбирање и прифаќање, дури и љубов. (Дерезоти. Д, С, 2014 стр.195-206) Неминовно се забележува дека постојат бројни начини да се карактеризира мирот, но и конфликтите без разлика дали ќе го дефинираме мирот во својата наједноставна и можеби примитивна форма, како отсуство на насилство, или, пак, како коегзистенција помеѓу луѓето, или ќе го дефинираме конфликтот како последица на изгубени илјада животи во текот на една година, и последно, како инкомпатибилни интереси. Независно

од дисциплинарната традиција, мирот и конфликтите имаат различни значења за различни луѓе, односно разни перцепции. (Хагман. Т, 2014 стр.7-15) Неодамнешните случувања и дебати ја потенцираат потребата за поголем интердисциплинарен пристап во работата на меѓународните односи и мирот, како и конфликтите. Научниците, студентите и креаторите на политики, честопати се разочарани од универзалистичките и северно (се мисли на западни) доминирани пристапи во однос на методологијата и епистемиологија. Универзалните планови за тоа како да се промовира, гради и одржува мирот треба да се спротивстават на неефективните политички дизајнирани решенија, кои често пати се погрешни и не се научно поткрепени. Она што е потребно е подобро разбирање на варијациите на мирот и неговите конституирачки елементи, теоретски во различни академски дисциплини, и емпириски низ различни региони, со цел да се промовира диференцирана идеја за мирот. (Оливер. Р, Сандра. П, Јасмин. Р, 2016) Се забележува дека акцентот се повеќе се поместува од класичните, односно традиционалните мировни студии/истражувања кон критичките мировни студии/истражувања, каде што се' повеќе се манифестира потребата за продлабочување на перцепциите и сфаќањата за мировните студии и што тоа тие претставуваат. Главен фокус се социолошките анализи. Преку овие анализи се третираат и вредностите како социјален феномен, пред се од аспект на нивното влијание врз манифестациите на индивидуалното и колективното насилство. Поместувањата во концептот се направени со тоа што е прифатено дека структурното насилство, не само што влијае врз состојбата на поединецот, туку ги зголемува и тензиите коишто водат кон конфликт и војна. Концептот е проширен и со зафаќање на прашањата на основните човекови права и заштитата на индивидуата. Во таа насока, мировните истражувања се фокусирани на прашањето на слободите и основните човекови права на повеќе нивоа, вклучувајќи мали групи, етнички групи, меѓународни колективитети, на односот на човекот и природата (Лидија. Г, 2014 стр.108) Тенденцијата за рапиден развој на мировните студии како научна дисциплина се појавува со самата еволуција и проширување на безбедноста, односно со промена на перцепцијата за традиционалниот безбедносен концепт којшто доминираше долги години. Повеќе не можеме да говориме само за национална безбедност, за заштита единствено од воен судир, безбедноста претставува многу повеќе од тоа, едноставно не е одговорно да се говори само за воениот аспект на безбедноста. Научниците, експертите, се повеќе ја разбираат потребата од континуирано и систематско истражување и изучување на мирот, периодот на мир, т.е отсуство на поголем меѓународен воен судир ни овозможи да навистина го сфатиме значењето и вредноста да се живее во мир, но не треба да се игнорира и фактот дека, одредени делови од светот се во континуирана состојба на насилство, како директно, така и структурно. Безбедносната дебата доби и поттик и на научен и на политички план, особено со вклучување на новите референтни објекти на безбедноста (она што треба да се заштити), како што се општествените групи (социјалната безбедност), човечкото суштество (хумана безбедност), или животната средина (еколошка безбедност). Светот денес е побогат за бројни теориско-безбедносни иновации низ кои се настојува да се објаснат современите случувања. (Билјана. В, 2011 стр.11)Можеби проширувањето на референтните објекти на безбедноста е резултат и на глобализацијата, светот се повеќе е меѓузависен, одредени кризи на една страна имаат потенцијал да се почувствуваат и на друг крај од светот, но како што напоменавме и претходно, глобализацијата паралелно се одвива и со својот спротивен процес на фрагментација и дезинтеграција, нејзината динамика не се одвива еднакво, одредени напредуваат далеку побргу за разлика од други. Масовното производство, иновациите, протокот на капитал и услуги бележи поместување, односно постепено гравитира кон исток, подемот на Кина ги загрижува западните развиени држави. Според одредени автори, либерализмот се промовира како единствена опција, која што не може да биде заменета. Хиперкапитализмот за одредени делови од светот донесе значително поголемо богатство, но за одредени уште поголема нееднаквост и сиромаштија. За ова говорат бројни

факти и статистички податоци. Во контекст на импликациите по мирот и безбедноста, покрај бенефитите коишто навистина се видливи, се појавуваат и крајно загрижувачки негативни тенденции. Пристапот до вооружувањето е полесен, интернетот (црниот пазар) овозможува полесен пристап до значително деструктивни оружја, разни фундаменталистички групи можат лесно да комуницираат преку благодатите на современата технологија, видливи се и ситуации на зголемени сепаратистички и сецесионистички движења, листата едноставно нема крај. Сите наведени фактори придонесуваат за драматично зголемување на заканите и ризиците, државите се приморани да инвестираат повеќе во безбедносниот сектор, неретко и на сметка на редуцирање на човековите права и слободи. Кооперацијата е навистина потребна за справување со широкиот спектар на закани и ризици, дури и најразвиените држави не се во можност самостојно да се справат со сите предизвици. Соработката помеѓу различни научни дисциплини е исто така круцијална, мирот во себе ги инкорпорира и сферите на политиката, меѓународните односи, економијата, социологијата, информатичката технологија и ред други, скоро и да не е возможно да се спроведе квалитетно истражување на актуелните мировни тенденции без соработка помеѓу низа на научни дисциплини. Често кога се говори за мирот неминовно се поставува и прашањето за конфликтите, што се тие, како се дефинираат, нивната типологија, актери, импликации, како и начините за нивното разрешување (што е навистина комплициран процес, макотрпен и бара употреба на значителни како човечки, така и финансиски ресурси. Во одредени истражувања се сретнува и терминот трансформација на конфликтите, односно се прави јасна дистинкција помеѓу разрешување и трансформација на конфликтите)

### 1.2. Поим за Pax Europaea, класификација на конфликтите и нивна типологија

Пред да се дефинираат конфликтите важно е да се одреди што точно значи самиот поим Pax Europaea и истите претставуваат сериозен предизвик, односно веројатно и го назначуваат крајот на релативен мир и стабилност во Европа. Самиот термин го опишува периодот на долготраен мир и просперитет, особено во западните, северните и јужните делови на Европа, како и делумно источните со одредени исклучоци како војните во поранешна Југославија. Континентот нема почувствувано поголеми безбедносни закани и предизвици кои ескалирале на ниво на воен судир, особено до степен на турбуленции кои би предизвикале сериозни политички и економски последици. Васко. Н, Андоновски. Ј, 2014 стр.17-22) Оваа констатација важеше се до почетокот на 2022 година, кога, за прв пат пост втората светска војна Европа се соочи со директен воен судир помеѓу две држави на свое тло. Критичен момент и сериозна промена на безбедносната состојба која долг период за Европа била незамислива. Во литературата концептот најчесто се објаснува како период на релативен мир, односно „Европски мир" кој започнува со крајот на Втората светска војна што се отсликува со благосостојба и недостаток на поголем вооружен судир помеѓу државите на континентот, следствено на тоа и во светот. Терминот се поистоветува со познатите периоди на „Pax Romana" и „Pax Britannica" кои во сличен контекст се базирале на релативен мир и стабилност во еден подолг временски период. Pax Europaea е возможна преку европските интеграции отсликани низ институциите на ЕУ (низ целокупниот свој развој и еволуција од Европска заедница за јаглен и челик, па се до сегашната форма како уникатна sui generis организација) тука неминовно се акцентира и улогата на НАТО како безбедноста алијанса која што служи како систем на одвраќање од евентуални безбедносни закани надвор од сферата на влијание на Европа. Низ денешна перспектива тешко може да се говори за ера на релативен мир и стабилност. Украина е показател за конфликтниот потенцијал кој се уште е присутен на континентот. Имено, од таа причина е потребно да се сфати и разбере потребата од класификација на конфликтите и нивната типологија, односно со кои реални закани

се соочува концептот на „Pax Europaea“. Конфликтите се комплексна појава, особено вооружените и насилни конфликти, нивната класификација не е лесна задача, основната поделба се сведува на класичен дуализам, т.е. на внатрешни и надворешни конфликти, оттука е важно да се прави разлика затоа што типологијата на конфликтите е доста опширна и бара стручна и сеопфатна анализа. Можеби некои ги разбираат како едноставна појава, но тие се токму спротивното и неретко се навистина тешки за разрешување. Во секојдневниот говор под конфликт најчесто се подразбира судир меѓу две или повеќе лица или групи кои применуваат сила како средство за да победат или да се одбранат. Притоа, под примена на сила најчесто се подразбира нанесување на физичка повреда или штета, иако сè почесто се признава дека е можно да се зборува за примена на психолошко насилство врз противникот. Ваквото определување на конфликтот е многу ограничувачко, па дури и погрешно затоа што може да постои вистински конфликт и тогаш кога ниту една страна од учесниците не манифестирала насилничко однесување. (Трајан. Г, Владимир. О, Лидија. Г, 1999 стр10) Според други автори, вооружените конфликти се ситуации во кои две или повеќе страни се вклучуваат во систематски акти на насилство едни против други, генерално за постигнување одредена цел како што се: територијални барања, добивање природни ресурси или на друг начин да се унапреди одреден политички процес/интерес. Такви ситуации можат да вклучуваат акти на тероризам, но вооружените конфликти честопати вклучуваат цели што се над методите на заплашување или принуда, преку непредвидливи инциденти кои предизвикуваат страв. Вооружените конфликти исто така подразбираат декларирана но и не декларирана војна помеѓу меѓународно признаени држави, граѓанска војна или насилни спорови во рамките на државите и конфликтите меѓу суверените државни актери и бунтовници. (Брајан. Б, 2017 стр. 62-64)

Конфликтот го претставува оној дел во спорот во кој постои опасност од употреба на воена сила, или, пак, таа е веќе употребена. Така (спор) меѓу два субјекта имаме кога нивните цели се спротивни и се насочуваат едни кон други, додека (конфликт) постои кога спротивставеноста се изострува до опасност од употреба на сила или нејзино употребување за разрешување на спорот. (Трајан. Г, Владимир. О, Лидија. Г, 1999 стр. 187) Одредени дефиниции видот на конфликт и интензитетот на самата појава го дефинираат преку бројот на загубени животи во текот на една година, како на пример следната дефиниција: Вооружениот конфликт е оспорена некомпатибилност што се однесува на владата и/или територија каде што е употребена вооружена сила помеѓу две страни, од кои најмалку една е влада на една држава, што резултира со најмалку 25 жртви во една календарска година. Важно е да се прави јасна дистинкција помеѓу внатрешни вооружени конфликти и меѓудржавни вооружени конфликти. Внатрешните имаат различен степен на манифестација на насилство, нивната форма може да варира, тие се појавуваат во различни варијации и со различен степен на интензитет и насилство. Секако и меѓународните конфликти имаат своја форма во којашто се појавуваат, како и различни видови (од агресија, до воена интервенција, инвазија, тотална војна, погранечен судир и слично) но се една клучна разлика, а тоа е учество на два или повеќе државни актери. Меѓународното хуманитарно право имплицира различни норми и правила во однос на класификација на одреден конфликт како меѓународен или внатрешен. Повеќето коментатори се согласуваат дека дистинкцијата е „арбитрерна“, „непосакувана“, „тешка да се оправда“ и дека претставува „фрустрирачка компонента во повеќето инстанци каде што се случуваат вооружени дејствија во контекст на военото право/закони“.[32] Според **Amnesty International** вооружените конфликти се регулираат главно преку меѓународното хуманитарно право, кое е познато и како воено право, односно воени закони. Меѓународното хуманитарно право е збир на правила, или кодифицирани

[32] Типологизација на конфликтите и нивна класификација. Повеќе инфо на следниот линк: https://www.cambridge.org 02.05.2025

договори, како и признати обичаи што го ограничуваат дозволеното однесување на страните во конфликтот. (Amnesty International) Конфликтите (деструктивните) имаат сериозен деструктивен потенцијал, затоа е мошне важно да се изучуваат сите сфери (од засегнати актери, конфликтно однесување, но не смее да се заборави и разрешувањето на конфликтите како круцијален дел.) Според одредени автори, разрешување на конфликтите е процес на завршување, промена, ублажување или спречување на конфликт меѓу различни страни. Во меѓународната политика, конфликтот е присутен во неколку форми, почнувајќи од едноставно несогласување до целосен геноцид. (Куријан. Г, Т, 2011 стр. 296) Често пати, обидите за разрешување на конфликтите резултираат со неуспех, причините може да се бројни, од недоволна волја, незнаење и игнорирање на системските фактори кои придонеле до појава на насилен конфликт, како и политичките намери и интереси на одредени држави, или, пак, меѓународни организации. Употребата на насилство во одредени инстанци за да се спречи понатамошна ескалација и страдање е потребно, но често тоа води кон ескалација и зголемување на интензитетот на насилство. Не секогаш меѓународната заедница е способна и успешна во своите обиди за разрешување на конфликтите, со самото тоа бројни конфликти се заглавени во една континуирана спирала на насилство, или, пак, станува збор за замрзнати конфликти кои при следни погодни услови повторно би се интензивирале. Јохан Галтунг идентификува три компоненти за разрешување на конфликтите: Мировни активности, мировни мисии и градење на мирот. Според Вилијам Зартман, решавањето на конфликтот зависи од "отстранување на причините, како и од манифестациите на конфликт помеѓу страните и елиминирање на изворите на некомпатибилност на нивните позиции. (Куријан. Г, Т, 2011 стр. 296) Оваа дефиниција јасно говори за потребата од континуирано истражување на мирот, дисциплина која постојано се надополнува, еволуира, ја покажува својата незаменлива вредност во однос обезбедување благосостојба и непречен развој, кој пак, е можен само во мирни услови. Оваа дефиниција јасно говори за потребата од континуирано истражување на мирот, дисциплина која постојано се надополнува, еволуира, ја покажува својата незаменлива вредност во однос обезбедување благосостојба и непречен развој, кој пак, е можен само во мирни услови на мирот. Студиите за мир имаат мултидисциплинарни димензии. Тие не се насочени единствено кон меѓудржавните односи, ниту единствено кон отсуство на насилство помеѓу страните во конфликтот. Нивните димензии се прошируваат над директно физичко насилство против човек, ги вклучуваат формите на психолошкото и насилството врз природата, како и индиректното насилство. Повеќето содржини на овие истражувања се одраз на загриженоста за изворите на насилство и се анализираат со цел да се елиминираат или да се намалат нивните негативни ефекти (Трајан. Г, Владимир. О, Лидија. Г, 1999 стр. 321)

### 1.3. Глобални мировни тенденции

Кога станува збор за мировните тенденции, тие се разликуваат во зависност од регионот на истражување како и од бројни фактори при анализирање. Под фактори во предвид се земаат бројни аспекти како што се: дали постои активен конфликт (внатрешен или надворешен), степен на економска развиеност, кризни региони, пролиферација на конвенционално и нековенционално вооружување, трошоци за одбрана, образовен систем, здравствен систем, политичка стабилност, почитување на човековите права и слободи и други. Бројот на фактори како што може да се евидентира е навистина доста голем, како и комплексноста при анализирање на сите релевантни податоци. Денес постојат етаблирани владини и невладини организации кои се задолжени за спроведување на различни анализи во поглед на актуелните мировни тенденции, нивната цел е подобро запознавање со изворите на загрозување, нивната етиологија, како и начини за успешно справување со истите. Според податоците на реномираниот Global Peace

Index просечното ниво на глобална мирољубивост е подобрено минимално во однос на претходната година, односно за 2019 година. Ова е прв пат да се подобри просечната оценка во однос на последните пет години. Просечниот резултат е подобрен за 0.9%, со 86 подобрени држави, но и на 76 забележани влошувања. (Global Peace Index, 2019) Важно е да се напоменат одредени трендови пред 2022 година со цел да се увидат разликите кои настануваат пост инвазијата врз Украина, односно како доаѓа до значителни поместувања во безбедносната сфера. Pax Europaea е директно предизвикана што може да се забележи и низ емпириските податоци. Зошто токму ГПИ индексот? Станува збор за истражување кое се спроведува во повеќе од 163 независни држави и територии, исто така GPI се лидери во глобалните проценки за мировниот индекс. Извештајот од каде што ќе ги наведам одредени податоци претставува сеопфатен аналитички пристап во контекст на мирот, неговите економски импликации, актуелни трендови и како да се дојде до подобро општество на глобално ниво. Извештајот покрива 99.7% од светската популација, преку употреба на повеќе од 23 квалитативни и квантитативни методи од високо почитувани извори. Во однос на глобалните мировни тенденции Оливер Ричмонд ќе го напише следното "Интеракцијата на процесите на формирањето на државата, либералното градење на мирот и креирање на државни мировни активности и локализирани практики на мирот, или како што може да се нарече мировно формирање – нудат перспектива на форми на мир кои можат да бидат и локално и меѓународно легитимни. Пост либералните и хибридни форми на мир под влијание на локалните модели на политика, засновани на контекстуални, социјални, културни и историски норми и идентитети, како и материјални ресурси и сознанија за меѓународните норми, а да не зборуваме за моќ, може да претставуваат поточна карактеризација на резултатите од мировните процеси ширум светот. (Ричмонд. О, 2013 стр.271-287) Во однос на постигнување на глобалниот мир и безбедност не треба да се занемари и улогата на ООН и покрај сериозните слабости и лимитирани можности со кои се соочува. Неминовно државите како примарни субјекти на меѓународните односи имаат свои национални интереси, често геополитичките, геостратегиските интереси се испречуваат пред патот на мирот како пречка наместо како поддршка. Недостатокот на централен авторитет (можеби премногу идеалистички концепт) придонесува за таканаречената „анархија" во меѓународните односи. Но, сепак, и покрај сите недостатоци на ОН и меѓународниот систем, позитивните аспекти исто така не може да се негираат, пример за тоа се две резолуции донесени од страна на Генералното собрание на ОН, како и Советот за безбедност на ОН во април 2016 година за концептот на „одржлив мир" како глобална цел и процес за создавање на општество каде што потребите на сите ќе бидат земени во предвид. „Односно, на одржливиот мир може да се гледа како на експлицитен и намерен концепт, за сите држави независно дали се зафатени од вооружен конфликт или не. Според генералниот секретар на ОН Антонио Гутереш во неговото обраќање пред комитетот за човекови права во февруари 2017 година ќе каже." Можеби најдобриот начин за превенција е почитување на универзалната декларација на ОН за човековите права и слободи, како и договорите и обврските кои произлегуваат од неа. (Ати. А, Махмуд. Ј, 2018 стр. 23-29) Интересно е што Европа останува најдобро рангирана на листата во светот, исто така бележи и благо подобрување во однос на мировниот индекс по неколку години на влошување. Индексот регистрира дека 22 од 36 европски држави забележале подобрување во текот на 2019 година. Генерално подобрување е забележано во однос на мирот и безбедноста и степенот на милитаризација, со мало влошување во однос активните конфликти. Од 23 индикатори, 8 од нив забележуваат подобрување, додека 12 влошување на состојбата и кај последните три индикатори не се регистрирани промени. Во однос на доменот на милитаризација се бележи најдобро подобрување, како и во контекст на финансирање на мисиите за чување на мирот од страна на ОН, трошоци за одбраната во однос на БДП (Global Peace Index, 2024) Анализирајќи низ параметрите кои ги истражувал индексот за 2019 година се забележува дека „Pax Europaea"

навистина како концепт низ еден подолг временски период мошне успешно опстојува. Но, статистиката со последниот извештај дава сосема поинаква слика за континентот. Имено, стапката на морталитет како последица на директни воени дејствија е токму највисока во Европа, односно повеќе од половина регистрирани и потврдени случаи. Две од петте држави со највисок степен на влошување се токму Украина и Русија. Покрај тоа се регистрира и значително зголемен степен на милитаризација откако се прибавуваат податоци за индексот, односно од 2008 година. (Global Peace Index, 2024) Во годишниот извештај на реномираниот институт од Стокхолм се нотира повторно зголемување на степенот на милитаризација како директна последица од воените дејствија во Украина и променетата безбедносна структура на континентот. Вкупно 39 држави од 43 во Европа забележуваат зголемување на своите воени буџети. Најголеми виновници се секако завојуваните страни кои имаат најголем удел во тој нагорен тренд на милитаризација. (Sipri Yearbook, 2024) На ова се надоврзува и фактот што Украина е во петте најголеми увозници на оружје во светот за 2024 година. Загрижувачки е негативниот тренд во поглед на нуклеарно вооружување помеѓу клучните сили како САД и Русија со повлекувањето од New START и CTBT (договори за редукција на нуклеарно вооружување, како и негово тестирање) доста есенцијални во поглед на одвраќање и зачувување на релативниот мир во Европа. Украинската војна покажа колку не само Европа, туку и светот треба да стравува од нападите на критичната инфраструктура со акцент на нуклеарните постројки во централата Запорожје и Чернобил. (Sipri Yearbook, 2024) Украинската војна во голема мерка го редефинира начинот на кој што се води модерното војување. Имено, дроновите и нивната масовна употреба за прв пат во еден директен вооружен судир придонесуваат за нанесување на големи загуби, како човечки, така и материјални. Современите вооружени системи и високата технологија придонесеа конфликтниот потенцијал со целокупната ескалаторна моќ сериозно да го загрози не само Европскиот мир, туку и светот во целина. Кога ќе се погледне од денешна перспектива би можело да се констатира дека пост втората светска војна, Украина е најсериозна закана за „Pax Europaea“. Безбедносната структура рапидно се менува, како и геополитичките струења на континентот. Трансатлантската соработка со изборот на Трамп повторно е ставена пред значајни предизвици меѓу кои најважна е безбедносната структура која опстојувала низ децениите наназад. ЕУ како обединувачки елемент на одреден начин потфрли во целосна интеграција на Континентот. Се поставува прашањето дали е возможен траен (релативен) мир без целосно интеграција на сите држави, или, пак, веќе може да се размислува и говори за фундаментални геополитички промени. Економскиот развој и благосостојба се единствено можни во отсуство на директно насилство, но не како замрзнати конфликти, туку како вид на позитивен мир налик на учењата и визијата на Јохан Галтунг. „Pax Europaea“ за сега за добар дел од Европа е реалност, меѓутоа Истокот не би се согласил со таа констатација. За Украина тоа е дефинитивно завршен концепт. Соседите, пак, внимателно опсервираат зголемувајќи ги своите безбедносни капацитети со што се генерира дополнителна безбедносна дилема, односно несигурност и страв од ескалација.

**Заклучок**

Во момент на драстично изменета политичко безбедносна средина е проблематично да се говори за релативен мир. Повеќе од сигурно е дека Европа како целина за прв пат пост Втората светска војна и Студената војна се соочува со меѓудржавен конфликт на сопствено тло. Факт што сам по себе треба да претставува црвено светло и аларм за сите чинители на политиката и релевантни фактори кои ги носат одлуките на национална и регионална сцена. Фактичката ситуација не дава никакви индикатори за евентуален крај и мировни преговори кои би резултирале со конечен прекин на огнот со цел да се создадат потребните услови за повторно градење на мирот. Глобални организации како ООН се парализирани во своите напори за

медијација и ставање крај на насилството. Може да се констатира дека СБ на ООН е поделен и на одреден начин заложник на цврстите национални интереси токму од страна на дел од постојаните членки. Парадоксално, истите тие треба да бидат гаранти и чувари на мирот. Во ситуацијата со Украина, токму една од нив е директен агресор. Европа е дури и далеку од постигнување на негативен мир (отсуство на насилство) додека постигнувањето на позитивен е за сега неверојатна замисла и желба на многумина, а најмногу на цивилите кои се изложени на страдање и деструкција. Политичките консеквенци за континентот се евидентни во скоро секоја сфера на делување. Меѓународното право е ставено пред сериозен предизвик. Територијалните промени и изменетите меѓународно признаени граници оставаат простор за долготраен конфликт и непресушен извор на несогласување и интерпретација на нешто што е веќе одамна дефинирано и општо прифатено. Безбедносната дилема дополнително ќе се зголемува во иднина за што и говорат речиси сите индикатори со што се постигнува токму спротивниот ефект на зголемена конфликтност и можност за ескалација со разорни последици. Емпириските податоци говорат за значително изменета безбедноста структура, степенот на милитаризација додатно го акцентира ефектот на безбедносната дилема. Можеби се уште ќе говориме за релативен мир и стабилност во Европа, меѓутоа не како целина. Интегративните процеси и понатаму ќе продолжат со интеграција на Западен Балкан, Молдавија и Грузија како земји аспиранти за ЕУ. Во поглед на воената алијанса, Шведска и Финска го комплетираат така нареченото северно крило на НАТО. За едни тоа е гарант на мирот и стабилноста, додека за другата страна претставува продолжување на провокациите и ескалација. „Pax Europaea“ на сопствената територија се покажа како успешен пример, меѓутоа се уште нема капацитет да ја комплетира Европа како една целина. Процесите на глобализацијата неминовно се одвиваат паралелно со висок степен на дезинтеграција и фрагментација. Едно е сигурно, а тоа е дека без мир и благосостојба е невозможен напредок и развој. Мирот е најважна суштина за одржлив раст и развој.

**Библиографија**


Martín, F. (2005). CRITICAL ANALYSIS OF THE CONCEPT OF PEACE IN INTERNATIONAL RELATIONS. *Peace Research*

Cole, A. (2017). Peace studies. In M. Allen (Ed.), *The sage encyclopedia of communication* 2 *research methods*

Лидија Г, (Скопје 2014) , "Творење на мирот, Мирот, Безбедноста и Конфликтите по Студената Војна"

Билјана В, (Скопје, 2011), "Меѓународна безбедност Критички пристап"

Johan Galtung. (1993). In REED P. & ROTHENBERG D. (Eds.), *Wisdom in the Open Air: The Norwegian Roots of Deep Ecology*

Loadenthal, M. (2017). Structural violence. In P. Joseph (Ed.), *The SAGE encyclopedia of war: Social science perspectives*

Derezotes, D. S. (2014). Dialogue in peace and conflict work. In *Multicultural Aspects of Counseling and Psychotherapy: Transforming historical trauma through dialogue*

Hagmann, T. (2014). *Challenges of Peace Research*

Oliver. R, Sandra P, Jasmin R, (Palgrave, 2016) "*The Palgrave Handbook of Disciplinary and Regional Approaches to Peace*"

Васко Н, Андоновски Ј, Политичка мисла, Модели на безбедна и стабилна интеграција - сто години од Првата светска војна, 2014 " Од Pax Romana, преку Pax Europaea, до Pax Balcanica

Трајан Г, Владимир О, Лидија Г, (Куманово, 1999) "*Разрешување и Трансформација на Конфликтите"*

Baran, B. (2017). Armed conflicts: implications for organizations. In S. Rogelber

Kurian, G. T. (2011). Conflict resolution. In *The Encyclopedia of Political Science*

Institute for Economics & Peace. Global Peace Index (2019), Measuring Peace in a Complex World
Richmond, O. (2013). Peace Formation and Local Infrastructures for Peace. *Alternatives: Global, Local, Political*
Athie, A., & Mahmoud, Y. (2018). *Sustaining Peace in Practice: Building on What Works*
Institute for Economics & Peace. Global Peace Index 2024: Measuring Peace in a Complex World
SIPRI Yearbook 2024: Armaments, Disarmament and International Security